**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1203-127/6**
**Скопје, 15.02.2006 година**

**ЈЗО КЛИНИЧКИ ЦЕНТАР СКОПЈЕ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на ЈЗО Клинички центар Скопје (во понатамошниот текст Клинички центар), за 2004 година, кои се прикажани на страните од 18 до 20.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно со член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за побарувањата и обврските со состојба 30.06.2005 година на Клиничкиот центар. Не е вршена ревизија за финансиските извештаи на Клиничкиот центар за годината која и претходи на годината предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

   - Проф.Д-р Тихомир Крцковски - в.д. Директор на Клинички центар од 11.12.2002 година до 09.01.2005 година,

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 17, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена во периодот од 29.11. – 30.12.2005 година и од 09.01 до 10.01.2006 од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

   - Владимир Милојевиќ-помошник на ГДР и овластен државен ревизор;
   - Наташа Мисовска-самостоен ревизор,
   - Љубица Локвенец-виш ревизор,
   - Билјана Стојановска-ревизор, и
   - Албане Чупи-помлад ревизор, приправник.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   -дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,

   -дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

***Овластен државен ревизор***

______________________

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната установа на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Коне~ен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизорите оценија висок ризик од нереално прикажување на побарувањата од меѓусебните односи на Клинички центар со ФЗОМ и со здравствените установи, обврските кон добавувачите, залихите, постојаните средства од причини што се применува комбиниран метод на сметководствена евиденција во текот на годината, целокупното финансирање не се заснова на договорна основа, нема утврдена рамка за контрола на трошењето на средствата, нема интерни акти за распределба на одговорностите во организационите единици, сметководствените документи се оформуваат и чуваат во организационите единици (вкупно 33 на број) а нивната евиденција се врши во централното сметководство, се води помошна сметководствена евиденција во организационите единици (рачно или компјутерски), притоа нема поврзување во единствен информационен систем на евиденција, нередовно и нецелосно се врши усогласување со комингентите, од евиденцијата на побарувањата и обврските неможе да се утврди старосната структура на истите, нема воспоставени единствени процедури за располагањето, материјалната евиденција и вреднувањето на залихите, јавните набавки не се планираат и спроведуваат на годишно ниво и не е регулирана сопственоста и основот за евидентирање на постојаните средства. Финансиската значајност на горенаведените позиции е оценета како висока и ризикот за добро управување е оценет како висок.

    <u>Генерална препорака:</u> Воспоставување на договорно финансирање со утврдена рамка согласно законските прописи и интерните акти, годишно планирање за располагање со средствата, донесување на интерни акти за опис и попис на работните места, воведување на мрежно поврзан информационен систем, организирање обука на вработените, утврдување на старосната структура и основот за евидентирање на билансните позиции, воспоставување на сметководствена евиденција согласно начелото на парично искажување развој на процедури за текот на документацијата во работењето, пропишување на процедури за располагањето, материјалната евиденција и вреднувањето на залихите и соодветно планирање на јавните набавки, се со цел подобрување на интерните контроли.

### *10.1. Неправилна примена на акти:*

10.1.1. Статутот кој е донесен на ден 06.06.1996 година не е усогласен со Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита (Сл.весник број 10/04) и Законот за здравствено осигурување и тоа:

- не е извршена измена согласно член 3 и член 17 од Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита според кој се менува основачот на Клиничкиот центар од Собрание со Влада на РМ, а согласност на одредбите на Статутот дава Министерството за здравство,
- не е извршена измена согласно член 4 и член 49 од погоре наведениот закон во однос на промената на називот од Јавна здравствена организација Клинички центар Скопје во Јавна здравствена установа Универзитетски клинички центар Скопје,
- не е извршено усогласување со членовите 68-70 од Законот за здравствено осигурување во однос на финансирањето на здравствените услуги.

Поради неусогласеност со законската регулатива Клинички центар своето работење го спроведува по законски одредби кои не се на сила.

**Препорака:**
1. Да се иницираат измени и усогласување на Статутот на Клиничкиот центар од страна на Управниот одбор како управен орган заради усогласување на истиот со законските прописи.

10.1.2. Спротивно на член 28 од Правилникот за организација и систематизација на работните места на Клиничкиот центар донесен од страна на Управниот одбор на ден 27.03.1998 година, не се донесени интерни акти за описот и пописот на работните места (освен за Клиничка аптека) со кои ќе се утврдат работните задачи, одговорностите и овластувањата на вработените во организационите единици на Клиничкиот центар, а со тоа и нема поделба на одговорностите во рамките на организационата поставеност на Клиничкиот центар. Притоа не се утврдени овластувањата на директорите на организационите единици кои според член 15 од Правилникот „во рамките на своите овластувања раководат со организационата единица, го организираат работењето, раководат и се одговорни за остварување на здравствената заштита во својата организациона единица, одговараат за законитоста на работењето и се грижат за деловниот успех на организационата единица и на Клиничкиот центар“. Недонесувањето на опис и попис на работни задачи влијае вработените да ги обавуваат работните задачи без разграничување на одговорностите и ефикасност во работењето.

**Препорака:**
1. Да се донесат интерни акти за описот и пописот на работните места со кои ќе се утврдат работните задачи, одговорностите и овластувањата на вработените во организационите единици на Клиничкиот центар.

10.1.3. Односите меѓу Клинички центар и факултетите на универзитетите и другите школи, јавни и приватни здравствени установи не се регулирани со договор спротивно на член 10 од Статутот, што има влијание на зголемување на побарувањата за извршени здравствени услуги.

**Препорака:**

1.Согласно на член 10 и 12 од Статутот односите меѓу Клинички центар и факултетите на универзитетите и другите школи, јавни и приватни здравствени установи да се регулираат со договор.

10.1.4. Не е склучен Договор (освен склучените договори за три вида на здравствени услуги) со Фондот за здравствено осигурување на Македонија (во натамошниот текст-ФЗОМ) за видот, обемот, квалитетот и роковите за остварување на здравствената заштита, односно здравствените услуги, начинот на пресметувањето и плаќањето на здравствените услуги, причините и условите под кои може да се раскине договорот, спротивно на член 70 од Законот за здравствено осигурување. Нерегулираните односи помеѓу Клинички центар и ФЗОМ придонесуваат наплатата на здравствените услуги да се врши авансно и тоа во износи за реалните потреби за исплата на плата, надоместоци и други материјални и тековни расходи од работењето, а не во висина на фактички извршените здравствени услуги од страна на Клиничкиот центар.

10.1.5. Склучените договори со ФЗОМ за Пилот клиниките (Клиника за кардиологија, нефрологија, гинекологија и акушерство) не се во функција од причини што ФЗОМ исплатува месечна аконтација за Клиничкиот центар за плата и материјални трошоци во збирен износ и истите се користат за функционирање на Клиничкиот центар во целина. ФЗОМ не префрла наменски средства за клиниките пилот проекти, а фактурирањето од страна на Клиниките се врши согласно извршените здравствени услуги над износот утврден во договорите склучени со ФЗОМ. За жиро сметките отворени за Пилот клиниките во 2004 година не е донесен финансиски план. На овие сметки се врши уплата на партиципацијата и уплата за приватни лекувања. Средствата од партиципацијата се уплатуваат на ФЗОМ а сопствените приходи се трошат за расходи на клиниката за мобилни телефони, опрема и други трошоци неопходни за обавување на дејноста.

**Препорака:**

1.Да не се превземаат обврски над утврдените средства со финансискиот план и дадената рамка од страна на ФЗОМ врз основа на утврдени договорни односи.

10.1.6. Не се предвидуваат ниту пак се обезбедени средства со буџетот за наредната година за исплата на заостанатите обврски кон добавувачите што е спротивно на член 16 од Законот за буџетите. На ден 31.12.2004 година вкупните обврски кон добавувачите изнесуваат 1.549.551 илјади денари односно 36% од вкупно планираните средства за расходи од финансискиот план за 2004 година. Причина за ваквата ситуација е превземање на обврски од минати години без обезбедени средства во договор со Фондот и зголемениот број на здравствени услуги што подразбира и зголемување на обемот на расходи.

**Препорака:**

1. Согласно на член 12 од Статутот и член 70 од Законот за здравствено осигурување и член 131 од Законот за здравствена заштита, односите на Клиничкиот центар и ФЗОМ за укажување на здравствена заштита на осигурениците да се уредат со договор кој здравствената установа задолжително ќе го почитува и ќе се придржува на договорените меѓусебни права и обврски.

10.1.7. Без да се склучи нов договор исплатувани се средства по Договор за учество во трошоците за извршени услуги помеѓу Здравствен дом Скопје – Скопје и РО Медицински факултет ООЗТ Клиника –РЕ Клиника за нефрологија – Скопје од 1991 година, кој е со дата пред основањето на Клиничкиот центар во 1996 година, со кој се дава на користење деловен простор во поликлиника Чаир -Здравствен дом на Клиничкиот центар Скопје. Цената за услугите е утврдена како процентуален износ на учество во вкупните трошоци, и тоа за: амортизација, потрошена вода и платени комуналии, трошоци за набавка на огрев и плата за три вработени, кој трошок за период од 4 месеци, изнесува 263 илјади денари. Нерегулираните односи со правниот следбеник влијае фактурирањето се врши врз основа на критериуми утврдени со стариот договор.

**Препорака:**

1. Меѓусебните односи да се регулираат со нов договор.

10.1.8. Спротивно на член 40 од Законот за здравствено осигурување и член 175 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување, не се исплатува придонес од бруто платата за дежурства, од причини што ПИОМ не ги признава во основицата за пресметување на пензија а кое има влијание на финансиски извештаи.

**Препорака:**

1. Согласно горенаведените одредби од законските прописи задолжителна е исплатата на придонесите за здравствено и пензиско и инвалидско осигурување на бруто платите и надоместоците на платите.

**10.2. *Неправилна примена на сметководствени политики и начела:***

10.2.1. Клинички центар применува комбиниран метод на сметководствена евиденција во текот на годината, при што приходите дел ги евидентира според начелата на парично искажување (наплатена реализација) а дел ги евидентира според начелата на пресметковното сметководство (фактурирана реализација), додека пак расходите ги евидентира според пресметковното сметководство (фактурирана реализација) спротивно на Законот за сметководство за буџети и буџетски корисници. На крајот од годината е извршено прекнижување на пресметаните а неплатените трошоци на позицијата Активни временски разграничувања со цел истите да се сведат според сметководственото начело на парично искажување според кој признавањето на расходите и други одливи се признаваат во пресметковниот период во износ во кој е извршено плаќањето како што е регулирано со Законот за сметководство за буџети и буџетски корисници. Расходите за трошење на краткорочните средства: храна, медицински материјали и лекови се признаваат во моментот и во висината на настанување на вистинското трошење како што е предвидено и со законските прописи при што ефектот од ваквиот начин на евиденција е искажана загуба на крајот од годината во износ од 157.419 илјади денари, а притоа е искажано салдо на паричните средства во износ од 29.339 илјади денари и салдо на неподмирени обврски кон добавувачи во износ од 1.549.551 илјади денари.

10.2.2. Евидентирањето на финансиските трансакции во минати години не е вршено со примена на сметководственото начело на парично искажување, поради што ревизијата констатираше неусогласеност на податоците на почетните состојби на билансните позиции Спорни и сомнителни побарувања и

Вредносно усогласување на побарувањата за износ од 4.113 илјади денари спротивно на член 18 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Непримената на законската регулатива и неизвршеното усогласување на сметките придонесува нереално и необјективно прикажани билансни позиции.

10.2.3. На крајот од година извршено е сторнирање на расходите во вкупен износ од 17.619 илјади денари заради сведување според начелата на парично искажување на потставка која не е предвидена согласно Правилникот за расходи од причини што расходите се евидентираат на пресметковен принцип во текот на годината, притоа непостои можност за поврзување расходите со видот на неплатените обврски.

**Препорака:**

1. Сметководствената евиденција на Клинички центар да се усогласи со одредбите од член 18 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, односно да се применува сметководственото начело на парично искажување за сите расходи и други одливи освен расходите за трошење на краткорочни средства и тоа: храна, медицински материјали и лекови кои се признаваат во моментот и во висината на настанување на вистинското трошење.

2. Да се изврши усогласување на сметките од Билансот на состојба кои меѓусебно кореспондираат со примена на сметководственото начело на парично искажување согласно Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

3. При евидентирањето на расходите, правилно да се применува Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за Буџетите.

10.2.4. Ревизорите небеа во можност да се уверат дека побарувањата за здравствени услуги искажани под 31.12.2004 година за износ од 825.671 илјада денари се реално и објективно прикажани поради тоа што;

- Изворната документација на побарувањата за здравствени услуги се изготвува на клиниките, а фактурите кои се доставуваат до ФЗОМ и другите комитенти најчесто се потпишани од раководителите на сметководството без овластување од директорот на Клиничкиот центар,

- Се води помошна сметководствена евиденција (рачно или компјутерски) во организационите единици (во натамошниот текст-ОЕ), притоа нема поврзување во единствен информационен систем на евиденција во Клиничкиот центар,

- Се фактурира по ценовник за здравствени услуги донесен во 1992 година и утврдени процедури од страна на ФЗОМ за начинот на фактурирање и доставување на побарувањата за здравствени услуги од 1996 година иако се донесени нови законски прописи,

- Неможе да се утврди старосната структура спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници од причини што фактурирањето на здравствените услуги се спроведува од страна на организационите единици на Клиничкиот центар (вкупно 33 ОЕ), додека пак наплатените средства од ФЗОМ се евидентираат во централното сметководство како обврски за примени аванси. На крајот од годината се врши пребивање на фактурираните побарувања за извршени здравствени

услуги со обврските за примени аванси од ФЗОМ и другите комитенти. Притоа пребивањето на побарувањата се врши збирно со што е оневозможено следењето на наплатата на побарувањата по фактури и процена на староснота структура на салдото кое е ненаплатено. По завршувањето на пресметковниот период ненаплатените побарувања за здравствени услуги не се планираат со наредниот буџет нити пак се исплатуваат од ФЗОМ. Дел од побарувањата се пребиваат со плаќањата од страна на ФЗОМ за набавените лекови и медицински материјали по порачка на Клиничкиот центар а по спроведен тендер од ФЗОМ.

**Препорака:**

1. Да се испита основот и состојбата на побарувањата од ФЗОМ, да се дадат писмени овластувања за лицата кои ќе бидат одговорни за потпишување на фактурите, да се поврзе помошната сметководствена евиденција во единствен информационен систем и да се покрене иницијатива за усогласување на ценовникот за здравствени услуги со новите законски прописи.

2. Да се воспостави договорно финансирање со утврдена финансиска рамка согласно законските прописи и интерните акти, развој на процедури за текот на документацијата во работењето и пропишување на процедури во комуникацијата со организационите единици се со цел подобрување на интерните контроли и сметководствената евиденција.

10.2.5. Спротивно на член 21 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници не се превземаат мерки за утврдување на причините за констатираните разлики утврдени при извршените усогласувања на состојбите констатирани на ден 31.12. со Подрачните единици на ФЗОМ за побарувањата за извршени здравствени услуги од страна на Клинички центар и не се спроведуваат корективни книжења во сметководствената евиденција согласно меѓусебно потврден записник. Со Записникот за усогласување на состојбата на побарувањата за здравствени услуги со ПЕ Скопје на ФЗОМ составен на ден 18.02.2005 а заверен на ден 28.02.2005 година од страна на Клиничкиот центар утврдена е разлика од 76.920 илјади денари од причини што и почетната состојба во 2004 година не е усогласена за износ од 61.777 илјади денари а тековниот промет не е усогласен за износ од 15.143 илјади денари. Притоа поради устроениот начин на евиденција и начин на финансирање неможе да се потврди состојбата на побарувањата со спецификација на неисплатени фактури.

**Препорака:**

1. Да се превземат мерки за утврдување на причините за констатираните разлики утврдени при извршените усогласувања на состојбите на ден 31.12. со ПЕ на ФЗОМ за побарувањата за извршени здравствени услуги од страна на Клинички центар и да се спроведуваат корективни книжења во сметководствената евиденција согласно меѓусебно потврден записник.

10.2.6. Спротивно на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници податоците регистрирани во деловните книги не се презентираат хронолошки поради што истите не го одразуваат точно временскиот редослед на нивното настанување од причини што се влегува во базата на податоци и се внесува потребниот датум.

**Препорака:**

1. Да се воспостави хронолошка евиденција на податоците регистрирани во деловните книги кои точно ќе го одразуваат временскиот редослед на нивното настанување.

10.2.7. Евидентирани се побарувања од правни лица (буџетски корисници, здравствени установи, судови, центри за социјални работи и други правни субјекти и физички лица) во износ од 258.723 илјади денари, за кои се превземени мерки за наплата во износ од 47.637 илјади денари или за само 18% од вкупните побарувања, иако овие побарувањата потекнуваат од минати години. Ваквата состојба се должи на нерегулиран меѓусебен однос со договор што е спротивно на член 12 од Статутот на Клиничкиот центар, и има влијание на реалноста на побарувањата.

**Препорака:**

1. Да се преиспита основот за евидентирање на овие побарувања, да се утврди старосната структура по коминтенти и да се превземат мерки за наплата на искажаните побарувања.
2. Да се воспостават интерни контроли и процедури при пружање на здравствените услуги по разни основи.

10.2.8. Евидентирани се побарувања од купувачи во странство во износ од 5.811 илјади денари, за кои не се превземени мерки за наплата, спротивно на одредбите од Законот за облигациони односи. И покрај тоа што Клинички Центар Скопје на 07.11.2003 година ги известил ОЕ Клиники за пристапот при лекување на странски државјани, (депонирање на финансиски средства во износ од 500 евра за еден ден на лекување или 1500 евра при лекување на хронична болест), во сметководствената евиденција евидентирани се побарувања за извршени лекувања за странски државјани кои не се наплатени. Истите потекнуваат од минати години и доколку не се утужат истите ќе застарат односно ќе бидат ненаплатливи. Воедно на оваа сметка евидентиран е побарувачки износ од 581 илјада денари, спротивно на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, поради недоставени сметководствени документи од страна сметководствата на Организационите единици до централното сметководство на Клиничкиот центар.

**Препорака:**

1. Да се превземат мерки за наплата на овие побарувања, со претходно преиспитување на основот за евидентирање, како и придржување на донесените Упатства за работа при прием на странски државјани (Известување за постапките за ургентен прием и третман на болни од странство од страна на директорот на Клинички центар на ден 17.08.2005 година).

10.2.9. Ревизијата оцени нереално искажување кај обврските кон добавувачите поради непотврдување на салдата по коминтенти со пописот, вршењето на усогласувањата по спроведувањето на пописот а не пред тоа, неможноста да се потврди старосната структура по добавувачи, подмирувањето на обврските не е според старосната структура и високата вредност на салдото на неподмирени обврски кон добавувачи кое изнесува 1.549.551 илјади денари. Најголемиот дел, односно 63% се обврски по групни набавки преку ФЗОМ, 34% се однесуваат на обврски по набавки од страна на Клинички центар и 3% се однесуваат на обврски за камати.

10.2.10. Средствата остварени од уплатено учество на осигурениците во здравствените услуги (партиципација) кои претставуваат приход на ФЗОМ не се уплатени во Фондот во износ од 1.992 илјади денари спротивно на член 36 од Законот за здравствено осигурување, што претставува вообичаена пракса да не се уплатуваат овие средства во Фондот.

**Препорака:**

1. Средствата остварени од уплатено учество на осигурениците во здравствените услуги редовно да се уплатуваат во Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

10.2.11. Ревизијата оцени нереално искажување кај Залихите во вкупен износ од 472.738 илјади денари, од причини што спротивно на Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници:

- Не е воспоставена материјална евиденција во сите ОЕ за примањето и трошењето на лековите, медицинските материјали и друг потрошен материјал. Притоа требувањето на лекови од Клиничката аптека се врши од страна на одделенијата на клиниката, евидентирањето на приемот на залиха се евидентира истовремено и како расход, што во суштина во тој момент не претставува расход туку вистинската залиха се утврдува на крајот годината со попис по одделенија. Од овие причини не се искажува ни кусок ни вишок.

- Нема пишани процедури за текот на документацијата во Клинички центар за залихите, постои вообичаена пракса;

- Не е утврден единствен метод за вреднување на залихите на ниво на Клинички центар, односно Организационите единици-Клиники, Институти, Клиничка аптека и Завод за рехабилитација на слух , глас и говор според анкетниот прашалник 13% употребуваат метод “лифо”, 13% употребуваат метод “фифо”, 57% употребуваат метод на просечни цени, 4% употребуваат метод на највисоки цени и 13% неодговориле од причини што истите не водат материјална евиденција;

- За евидентирање на залихите на лекови од страна на Клиничка аптека се употребуваат највисоките цени, односно не е востановен начин/метод за вреднување на залихите при издавање на лековите и медицински материјали. Од тие причини по пописот е евидентирано зголемување на позицијата Залихи од Билансот на состојба во износ од 4.772 илјади денари и позицијата Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови, ситен инвентар). Истото има влијание на висината на износот на искажаните побарувања од ФЗОМ односно клиниките се задолжуваат по највисоките цени за лекови и медицински материјали кои претствуваат дел од фактурираните побарувања за здравствени услуги.

Неводењето на материјална евиденција, невоспоставените интерни контроли се поволно поле за манипулации.

**Препорака:**

1. Да се воспостави материјална евиденција на залихите во сите Организациони единици на Клинички центар кои располагаат со залихи, да се воспостават интерни контроли со пропишување на процедури за располагање и евидентирање на залихите, да се утврди единствен начин/метод за вреднување на залихите при издавање на залихите, да се опремат организационите единици со информатичка опрема и софтвер за материјална евиденција заради специфичноста и разновидноста на залихите.

### 10.3. *Неправилности во искажувањето на приходите/расходите*

10.3.1. Ревизијата утврди нереално искажување на приходите/расходите од Билансот на приходи и расходи, поради погрешна сметководствена евиденција, и тоа:

- Преценети се Другите оперативни расходи од Билансот на приходи и расходи за износ од 6.816 илјади денари, преценети се и Неданочните приходи за износ од 7.415 илјади денари, поради извршен отпис на побарувања и обврски по Извештај од попис и одлука за усвојување на истиот односно отписот е евидентиран на терет на расходите и приходите од Биланост на приходи и расходи;
- Преценети се Неданочните приходи за износ од 20.753 илјади денари поради пресметковно евидентирање на приходи при издавање на лекови од Клиничката аптека а се однесува на пресметана разлика во цена за здравствени услуги од Клиничка аптека;
- Преценети се Неданочните приходи за износ од 18.322 илјади денари поради искажани приходи по основ на намалување на обврските по влезни фактури за добиени книжни одобренија за набавки спроведени од страна на Клиничкиот центар и ФЗОМ. Овој начин на евидентирање не претставува реален прилив на средства односно претставува пресметковен начин на евидентирање;
- Потценети се Другите неданочни приходи во износ од 10.348 илјади денари поради неискажан приход од прилив на средства по основ на спонзорства на физички лица за научни проекти, патувања во странство и други донаторски средства за медицинскиот персонал, кои се уплаќаат на сметката на Клинички центар, а кои не се поткрепени со соодветна документација, спротивно на Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници;
- Потценети се расходите за Стоки и други услуги поради неевидентирани расходи за авансирани средства на добавувачи во износ од 10.517 илјади денари;

Вкупниот ефект од изнесените наоди во точката 10.3.1. е преценување/ повеќе искажани приходи за вкупен износ од 39.843 илјади денари за кој износ се помалку искажани непокриените расходи (потценета загуба), што се должи на потценети/помалку искажани расходи за Стоки и други услуги во износ од 3.701 илјада денари и преценети/повеќе искажани Неданочни приходи во износ од 36.142 илјади денари.

**Препорака:**

1. Признавањето на приходите и расходите (освен за расходите предвидени со член 17 став 4 од Правилникот за сметководтвото на буџетите и буџетските корисници) да се извршува врз принципот на парично искажување, кое подразбира приходите и другите приливи да се признаваат во пресметковниот период кога настанале, а расходите и другите одливи да се признаваат во пресметковниот период во кој е извршено плаќањето.

### 10.4. *Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба*

10.4.1. Позициите во Билансот на состојба не се реално и објективно прикажани поради неизвршен попис на средствата и изворите на средства со состојба на ден 31.12.2004 година, односно не е извршено усогласување на нивната вредност искажана во сметководството со фактичката состојба, согласно одредбите на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, и тоа за:

- Позициите Земјишта во вредност од 161.901 илјада денари и Градежни објекти во вкупна вредност од 1.039.459, не се поткрепени со валиден и веродостоен документ за сопственост бидејќи презентираниот имотен лист бр.15186 од 19.07.2004 година гласи на РМ- Министерство за здравство, а не на Клинички центар Скопје, што е спротивно на член 12 и 19 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници;

- Позицијата Постојани средства од Билансот на состојба не е усогласена со позицијата Извори на капитални средства за износ од 96.709 илјади денари, спротивно на член 19 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници;

- Позицијата Станови и деловни објекти од Билансот на состојба во вредност од 3.676 илјади денари, ревизијата не можеше да ја потврди со веродостоен документ за сопственост, спротивно на член 12 и 19 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници;

- На позицијата Други материјални средства од Билансот на состојба евидентирана е стручна библиотека во износ од 3.521 илјади денари, а за која ревизијата не можеше да се увери во објективноста и вистинитоста;

- Позицијата долгорочни кредити и позајмици во земјата и странство и орочени средства од Билансот на состојба, која се однесува на евидентирана вредност на акции не е усогласена за износ од 186 илјади денари со Централниот депозитар за хартии од вредност, спротивно на член 21 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници;

- Не бевме во можност да се увериме во основот за евидентирање на искажаните вредности на позициите други долгорочни обврски во износ од 99 илјади денари и позицијата извори на средства за солидарност во износ од 2 илјади денари од Билансот на состојба, поради непрезентирана сметководствена документација, спротивно на член 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници;

- Позицијата Залихи од Билансот на состојба не е усогласена со позицијата Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови, ситен инвентар) за износ од 53.157 илјади денари, спротивно на член 19 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници;

- Вредноста на искажаните побарувања и обврски на ден 31.12.2004 година во Билансот на состојба не е потврдена преку старосна структура на ненаплатени/неплатнени побарувања/обврски по комитенти, не е извршено усогласување со комитентите на ден 31.12.2004 година, не е усогласена фактичката со сметководствената евиденција и вршено е усогласување во сметководствената евиденција по спроведувањето на пописот наместо

истото да се изврши во рамките на пописот и за тоа да се донесе одлука од надлежен орган, спротивно на член 21 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

**Препорака:**

1. Да се изврши попис согласно предвидените одредби со член 21 од Законот сметководството за буџетите и буџетските корисници и член 33 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, со што ќе се обезбеди усогласување на состојбата на средствата и нивните извори и усогласување на фактичката и сметководствената состојба.

2. Да се превземат мерки пред надлежните институции за утврдување на сопственоста на имотот со кој располага Клиничкиот центар, да се утврди основот, состојбата и старосната структура на побарувањата и обврските со попис, да се изврши усогласување со Централниот депозитар за хартии од вредност, да се изврши усогласување на сметките од сметководствената евиденција кои меѓусебно кореспондираат.

10.4.2. Позицијата Побарувања од Билансот на состојба се потценети за износ 644 илјади денари истовремено се потценети Обврските за примени аванси за истиот износ, а се однесува на утврдени побарувачки салда што се должи на неправилно сметководствено евидентирање спротивно на член 19 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

**Препорака:**

1. Да се превземат мерки за утврдување и прекнижување на сите побарувачки салда кои се јавуваат на активни сметки, со испитување на правиот основ и доколку истите се реални, да се евидентираат како обврски.

10.4.3. Позицијата патенти, лиценци, концесии и други права од Билансот на состојба е потценета за износ од 3.177 илјади денари за кој износ е потценета позицијата Државен јавен капитал, поради неевидентиран лиценциран софтвер Microsoft во сметководствената евиденција, спротивно на член 19 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

**Препорака:**

1. Да се евидентира лиценцираниот софтвер во сметководствената евиденција согласно Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

10.4.4. Позицијата акумулирана амортизација (исправка на вредноста на средставата за работа) од Билансот на состојба е преценета во износ од 1.389 илјади денари за кој износ е потценета позицијата Државен јавен капитал, а се однесува на неправилно пресметана амортизација за основно средство во сопственост на Здравствен дом Скопје, што е спротивно на член 32 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

**Препорака:**

1. Согласно член 32 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, буџетите и буџетските корисници кај кој се наоѓаат туѓи средства, тие средства ги попишуваат и пописните листи веднаш по извршениот попис ги доставуваат на субјектот на кој тие средства му припаѓаат.

10.4.5. Позициите Градежни објекти и Државен јавен капитал од Билансот на состојба се потценети во износ од 1.193 илјади денари, поради погрешна сметководствена евиденција односно неевидентирана реконструкција на градежен објект за Институтот за онкологија по времени ситуации, што е

спротивно на член 19 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

**Препорака:**

1. Реконструкцијата на градежните објекти да се евидентира на соодветна позиција-Градежни објекти и Државен јавен капитал од Билансот на состојба при што ќе се врши зголемување на вредноста на истите согласно Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

10.4.6. Позицијата Обврски спрема добавувачи во земјата од Билансот на состојба е потценета за износ од 2.910 илјади денари и позицијата Обврски спрема добавувачи во странство е потценета за износ од 1.010 илјади денари, истовремено е потценета позицијата Побарувања од добавувачи во земјата за износ од 2.910 илјади денари и позицијата Побарувања од купувачи во странство за износ од 1.010 илјади денери, а се однесуваат на евидентирани долговни салда за претплати кон добавувачи, што се должи на неправилно сметководствено евидентирање спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

10.4.7. На позицијата Обврски кон добавувачи во земјата од Билансот на состојба искажано е долговно салдо во износ од 12.189 илјади денари, кое потекнува од минати години и тоа 7.994 илјади денари од 2002 година и остатокот од 2003 година, а се однесува на исплатени средства од страна на ФЗОМ кои се авансирани средства или непостои соодветен документ (фактура) за настанат ДДО (за комитент евидентиран во сметководствената евиденција на Клинички центар под шифра број 1248) спротивно на Законот за сметководство за буџети и буџетски корисници.

**Препорака:**

1. Да се превземат мерки за утврдување и прекнижување на сите долговни салда кои се јавуваат на пасивни сметки, со испитување на правниот основ и истите да се евидентираат во сметководствената евиденција на соодветна позиција за побарувања.

10.4.8. Ревизијата не беше во состојба да се увери во реалноста и објективноста на искажаната состојба на позицијата Вонбилнансна евиденција-актива и пасива од Билансот на состојба на ден 31.12.2004 година во износ од 1.145.904 илјади денари, а се однесува на отпишани ненаплатени побарувања за извршени здравствени услуги од ФЗОМ за кои ревизијата не доби соодветна документација/одлуки за отпис спротивно на Законот за сметководство за буџети и буџетски корисници.

**Препорака:**

1. Да се испита основот за евидентирање на оваа позиција со обезбедување на потребна документација.

### *10.5. Ненаменско и незаконско користење на средства:*

#### *10.5.1. Направени расходи без претходно обезбедени средства со буџет и спротивно на законските прописи*

10,5.1.1 Финансискиот план за 2004 година на Клиничкиот центар е донесен на ден 31.05.2004 година, без претходно обезбеден документ/рамка од буџетот на ФЗОМ спротивно на Законот за здравствено осигурување. Планот е изготвен на ниво на Клинички центар, не по ОЕ, притоа нема воспоставен систем за следење на

планираните средства во текот на годината како би се обезбедило наменско трошење на средствата.

**Препорака:**

1. Навремено да се донесува финансискиот план и да се воспоставен систем за следење на планираните средства во текот на годината како би се обезбедило наменско трошење на истите.

10.5.1.2 Клиничкиот центар набавува/нарачува медицинска опрема, лекови, медицински потрошен материјал, медицински помагала, по групни набавки спроведени од страна на ФЗОМ поради постигнување на пониски цени на пазарот, а за кој не е склучен договор, што е спротивно на член 13 од Законот за јавни набавки. Притоа не се утврдени потребните количини за набавка што оневозможува ограничување во потрошувачката и следење на количината, а со тоа се овозможува и надминување на договорените количини. Набавката од Клинички центар се врши врз основа на доставен Преглед на склучени договори за испорака на лекови и медицински материјали помеѓу Фондот за здравствено осигурување на Македонија и добавувачите, кој не содржи податоци за количината на лекови и медицински материјали кои Клинички центар може да ги набави во тековната година. За набавените количини не се врши контрола од страна на Фондот. Со вака воспоставен начин на набавки на Клиничкиот центар му се овозможува да врши набавки без ограничување, а со тоа да создава обврски кои ФЗОМ треба да ги подмири.

**Препорака:**

1. Групните јавни набавки да се спроведуваат по претходно склучен договор за групна набавка согласно член 13 од Законот за јавни набавки. Согласно член 2 од Законот за јавни набавки под „Групна набавка„ се подразбира набавка која е од интерес за повеќе набавувачи.

2. Доколку се спроведува „групна набавка„ потребно е да се утврдат потребните количини уште при самиот почеток на групната набавка што ќе претставува основ за склучување на договори со утврдена количина на лекови и медицински материјали кои Клинички центар може да ги набави а воедно ќе биде основ за воспоставување на интерни контроли. Обврските за лекови и медицински материјали ги создава Клинички центар кој треба да одговара за основаноста и потребата од набавените залихи на лекови и медицински материјали.

10.5.1.3 Исплатени се средства во износ од 4.325 илјади денари од кои 1.442 илјади денари се однесуваат на заостанати обврски од 2003 година по договор за користење на пејџинг услуги од 08.12.1999 година и тоа за вршење на услуги за автоматска обработка на податоците и нивно пренесување во кој не е регулиран износот на месечната претплата ниту пак важноста на овој договор.

**10.5.1.4** Спротивно на член 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Решението за отсуство со надоместок на плата од Клиниката за хематологија евидентирани се расходи во износ од 20 илјади денари за реализирано патување во странство по заверен налог за службено патување кој во прилог не содржи веродостојни и уредни сметководствени документи.

**Препорака:**

1. Да не се врши исплата на средства без веродостојни и уредни сметководствени документи.

10.5.1.5 При извршување на Финансискиот план за 2004 година одредени расходни позиции се остварени и извршени над износот планиран и утврден со Финансискиот план за 2004 година, без претходно да се направи пренамена од Управниот одбор на Клинички центар, во износ од 543.570 илјади денари и тоа:

- Ставката Комунални услуги во износ од 41 илјади денари,
- Ставката Комуникација и транспорт во износ од 4.480 илјади денари,
- Ставката Материјали во износ од 524.247 илјади денари,
- Ставката Тековно одржување во износ од 10.429 илјади денари,
- Ставката Камати по домашен долг во износ од 228 илјади денари,
- Ставката Физибилити студии во износ од 754 илјади денари и
- Ставката Основно и специјално одржување во износ од 3.391 илја. ден.

**Препорака:**

1. Да не се превземаат обврски над максималните износи утврдени во финансискиот план.

### *10.5.2. Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки*

10.5.2.1. Спротивно на член 11 од Законот за јавни набавки, Планот за јавни набавки по Организациони единици е усвоен на седница на Управен одбор на ден 22.06.2004 година од причини што ненавремено е донесен Финансискиот план за 2004 година.

10.5.2.2 Најголемиот број од набавките се спроведени како набавки од мала вредност (износ од 112.478 илјади денари за период од 6 месеци) при што како причина се наведува итност од набавката, ексклузивност за застапување, генерален дистрибутер при што се набавува од еден добавувач, повеќе пати се набавува во текот на годината до 3.000 евра за ист вид или група на стоки (набавките се делат) што е спротивно на член 9 и член 72 од Законот за јавни набавки. Истите се спроведени со постапка на набавка од мала вредност со цел да се избегне постапката утврдена со закон, и тоа за:

- Набавка на тестови во износ од 8.362 илјада денари,
- Набавка на РТГ филмови и контрастни средства во износ од 6.027 илјади денари,
- Набавка на реагенси во вкупен износ од 3.514 илјади денари,
- Набавка на ампуларни лекови во износ од 3.048 илјади денари,
- Набавка на вакуумепрувети во износ од 1.618 илјади денари,
- Набавка на прегледни ракавици во износ од 1.713 илјади денари,
- Набавка на дезинфекциони средства во вкупен износ од 1.555 илјади денари,
- Набавка на вакуумтајнери во износ од 902 илјади денари,
- Набавка на адаптирано млеко во износ од 396 илјади денари,
- Набавка на провидон јод во вкупен износ од 350 илјади денари.

10.5.2.3 Често се применува постапката на набавка со преговарање без претходно објавување на јавен оглас во кои се повикува на ексклузивност за застапување или генерален дистрибутер без согласност од Министерството за финансии -Сектор за јавни набавки што е спротивно на член 66 и член 67 од Законот за јавни набавки;

10.5.2.4 Спротивно на член 36 став 4 и член 66, 67 од Законот за јавни набавки извршена е набавка со преговарање, без претходно објавување на јавен оглас и без согласност од Министерството за финансии-Сектор за јавни набавки, во кои се повикува на вид на производ -дезинфекциони средства со фаворизирање на одреден производ од одреден добавувач, при што во 2004 година се склучени договори во вкупен износ од 34.388 илјади денари, додека пак фактурираниот износ во 2004 година изнесува 21.816 илјади денари.

10.5.2.5 Без да се спроведе постапка за јавна набавка согласно Законот за јавни набавки набавувани се прехрамбени артикли за болничката кујна на Клиничкиот центар во вкупен износ од 8.854 илјади денари, односно 5.428 илјади денари од набавките се извршени во 2003 година и 3.426 илјади денари се извршени во 2004 година.

10.5.2.6 Спротивно на член 55 од Законот за јавни набавки, во 2004 година спроведена е постапка за јавна набавка со отворен повик за избор на најповолен понудувач за обезбедување и снабдување со исхрана на пациентите и персоналот, при што не е доставена банкарска гаранција за учество во набавката како составен дел на понудата во износ од 5% од вкупната вредност на набавката или 6.000 илјади денари од страна на избраниот понудувач. На овој начин не се почитувани одредбите од Законот и одредбите од јавниот повик при што се ставени во нерамноправна положба другите понудувачи.

10.5.2.7 Спротивно на член 66 и член 67 од Законот за јавни набавки спроведена е постапка со преговарање за јавна набавка на слајдови, реагенси и потрошен материјал без согласност од Министерството за финансии-Сектор за јавни набавки во вредност од 12.451 илјада денари. Постапката е спроведена од страна на надлежната служба на Клиничка аптека, без учество на Комисијата за јавни набавки, без соодветно барање препратено до добавувачот кој има ексклузивно застапување за “Ортхо” производите, без комплетна финансиска понуда (понудата е во форма на про-фактура со еднинечни цени без количина) и без јасно дефинирани одредби во договорот за количината, цената, рокот на испорака и начинот на плаќање.
Неспроведувањето на постапка за јавни набавки создава можност за измами, грешки, злоупотреба, корупција и набавки по зголемени цени.

**Препорака:**

1. Да се изработи годишен план за јавни набавки согласно член 10 и 11 од Законот за јавни набавки со претходно планирани и обезбедени средства со буџет, финансиски план или со инвестициона програма, кој ќе биде усогласен со годишниот финансов план во законски определен рок.

2. Да се планираат набавките на годишно ниво и да не се врши делење на набавките, да се врши набавка од мала вредност еднаш во текот на годината за одреден вид или група на стоки, услуги и работи, односно да се почитуваат одредбите од Законот за јавни набавки во однос на набавките од мала вредност и одредбите од Правилникот за начинот и постапката на вршење на набавки од мала вредност.

3. За набавка со преговарање без претходно објавување на јавен оглас да се почитуваат одредбите од Законот за јавни набавки според кој за овој вид на постапка е предвидено добивање на согласност од Бирото за јавни набавки.

11. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките од 10.2.1. до 10.2.6, 10.2.9, 10.2.11, 10.3.1, 10.4.1. и од 10.4.3. до 10.4.5 финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на ЈЗО Клинички центар Скопје на ден 31 декември 2004 година и резулататот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точката од 10.1.2. до 10.1.8, 10.2.10, 10.5.1. и 10.5.2. кај ЈЗО Клинички центар Скопје не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

13. Присутна е појавата во Клинички центар Скопје да се упатуваат пациенти како ургентни случаи од Медицинските центри од другите градови во Републиката, иако здравствената услуга може и треба да се пружи на ниво на здравствената установа од подрачјето на постојаното живеалиште на осигуреникот. Ефектот од претходно наведеното е зголемување на побарувањата за здравствени услуги од Подрачните единици на ФЗОМ од другите градови во Републиката а со тоа и зголемување на обврските на Клиничкиот центар.

14. Со Акциониот план за Фондот за здравствено осигурување на Македонија усвоен на 30-та седница на Владата на РМ одржана на 12.05.2005 година предложена е програма и утврдени се временски рамки за спроведување на соодветни активности во однос на воспоставување на соодветна основа за реформите во системот на здравствената заштита во Македонија, формулирање на буџетот со фиксирани буџетски плафони на здравствените установи, подобрување на контролите на буџетското извршување, известување, повторно прогнозирање и справување со заостанатите обврски на здравствените установи, воспоставување на прелиминарен систем на финансиски индикатори и индикатори за изведба на сите здравствени установи и зајакнување на активностите за набавка на ФЗОМ.

15. Фондот за здравствено осигурување на Македонија превзема чекори за регулирање на договорните односи со здравствените установи утврдување на максималните лимити на расходите на јавните здравствени установи. Во соработка со Министерството за финансии и Министерството за здравство, изработен е акт за Процедурите за подготвување, извршување и известување на Буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и за буџетите на јавните здравствени установи. Истиот е усвоен од страна на Управниот одбор на Фондот во 2005 година.

**Скопје, 18.01.2006 година**

**Овластен државен ревизор**
**Владимир Милојевиќ**

**ЈЗО КЛИНИЧКИ ЦЕНТАР СКОПЈЕ**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2,004 | 2,003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.3. | 187,075 | 141,915 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 3,280,234 | 3,041,890 |
| Домашно задолжување | | 0 | 0 |
| **Вкупно приходи** | | **3,467,309** | **3,183,805** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.1.1. | 1,136,279 | 1,219,079 |
| Стоки и други услуги | 3.1.2. | 2,360,489 | 2,096,931 |
| Каматни плаќања | 3.1.3. | 228 | 5,233 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **3,496,996** | **3,321,243** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.2.1. | 127,732 | 160,789 |
| Капитални трансфери | | 0 | 0 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **127,732** | **160,789** |
| **Вкупно расходи** | | **3,624,728** | **3,482,032** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **(157,419)** | **(298,227)** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | | | |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | **(157,419)** | **(298,227)** |
| **Непокриени расходи** | | **157,419** | **298,227** |

*Образложенијата дадени од страната 21 до страната 33 се составен дел на овој извештај*

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2004 во 000 ден. | 2003 во 000 ден. |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 29,339 | 69,873 |
| Побарувања | 4.1.2. | 825,671 | 679,054 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.3. | 10,517 | 12,584 |
| Краткорочни финансиски побарувања | 4.1.4. | 8,419 | 1,116 |
| Побарувања од вработените | 4.1.5. | 1,336 | 1,141 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.6. | 651,209 | 425,052 |
| Залихи | 4.1.7. | 478,786 | 375,317 |
| **Вкупно тековни средства** | | **2,005,277** | **1,564,137** |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 7,543 | 6,384 |
| Материјални добра и природни богатства | 4.2.1. | 161,901 | 161,901 |
| Материјални средства | 4.2.1. | 1,607,662 | 1,653,100 |
| Аванси за капитални средства | 4.2.1. | 116,408 | 118,536 |
| Материјални  средства во подготовка | 4.2.1. | 331,945 | 222,881 |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 4.2.2. | 1,089 | 1,089 |
| **Вкупно постојани средства** | | **2,226,548** | **2,163,891** |
| **Непокриени расходи и други долгорочни кредити и заеми** | 4.2.3. | 1,011,000 | 853,581 |
| **Вкупна актива** | | **5,242,825** | **4,581,609** |
| **Вонбилансна евиденција-актива** | 4.3. | **1,145,904** | **1,145,871** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски по основ на хартии од вредност | 4.4.1. | 0 | 315 |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.4.2. | 1,549,550 | 1,270,716 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 4.4.3. | 5,817 | 2,537 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.4.4. | 12,620 | 2,443 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.4.5. | 413 | 201 |
| Финансиски и пресметковни односи | 4.4.6. | 1,991 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.4.7. | 70,282 | 37,641 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.4.8. | 746,851 | 574,504 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **2,387,524** | **1,888,357** |
| **Долгорочни обврски** | 4.5.1. | **99** | **101** |
| **Извори на капитални средства** | | | |
| Државен-јавен капитал | 4.6.1. | 2,323,257 | 2,281,549 |
| Останат капитал (залиха на материјали, резервни делови, ситен инвентар и хартии од вредност) | 4.6.2. | 531,943 | 411,600 |
| **Вкупно извори на капитални средства** | | **2,855,200** | **2,693,149** |
| **Извори на други средства** | **4.7.** | ***2*** | ***2*** |
| **Вкупна пасива** | | **5,242,825** | **4,581,609** |
| **Вонбилансна евиденција-пасива** | **4.8.** | **1,145,904** | **1,145,871** |

*Образложенијата дадени од странаата 21 до странаата 33 се составен дел на овој извештај*

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2004 ГОДИНА**
**НА ЈЗО КЛИНИЧКИ ЦЕНТАР СКОПЈЕ**

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар ) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2004 година** | **2,281,549** | **411,600** | **2,693,149** |
| | | | **-** |
| **Зголемување по основ на:** | **563,938** | **1,950,437** | **2,514,375** |
| Набавки | 563,938 | 1,950,437 | **2,514,375** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти | - | | **-** |
| Ревалоризација на капитални средства | - | | **-** |
| | | | **-** |
| **Намалување по основ на:** | **522,230** | **1,830,094** | **2,352,324** |
| расходи за трошење на залихи на лекови, материјали и ситен инвентар | | 1,830,094 | **1,830,094** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | **-** |
| Амортизација | 522,230 | | **522,230** |
| | | | **-** |
| **Состојба 31.12.2004 година** | **2,323,257** | **531,943** | **2,855,200** |

*Образложенијата дадени од странаta 21 до страната 33 се составен дел на овој извештај*